Врз основа на член 172 од Законот за високо образование („Службен весник на РМ“ бр.82/2018) и член 18 од Законот за Воена академија („Службен весник на РМ“ бр. 83/2009), Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје распишува

К О Н К У Р С
за избор на наставници и соработници на Воената академија во Скопје

I.ИЗБОР НА НАСТАВНИК и СОРАБОТНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СЛЕДНИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ПОДРАЧЈА, ПОЛИЊА, ОБЛАСТИ

1. НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: 515 ОДБРАНА, НАУЧНИ ОБЛАСТИ: 51503 „ИНТЕГРАЛНА БЕЗБЕДНОСТ“ 51506 „УПРАВУВАЊЕ И КОМАНДУВАЊЕ“ и 51509 „ПЛАНИРАЊЕ НА ОДБРАНА И ЗАШТИТА“ – еден (1) извршител

2. НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: 2. ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ, 204 и 214 НАУЧНО ПОЛЕ, НАУЧНИ ОБЛАСТИ: 20414. „ОСНОВИ НА ЕЛЕКТРОНИКА“ и 21403. „ПРОИЗВОДНО МАШИНСТВО, ТЕХНОЛОГИИ И СИСТЕМИ“ – еден (1) извршител

3. НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: 510 ПСИХОЛОГИЈА, НАУЧНА ОБЛАСТ: 51011 „ВОЕНА ПСИХОЛОГИЈА“ – еден (1) извршител

4. НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: 511. СОЦИОЛОГИЈА, НАУЧНА ОБЛАСТ: 51102 „СОЦИОЛОГИЈА НА ПОЛИТИКАТА“, 51111 „СОЦИОЛОГИЈА НА РЕЛИГИЈА“ и 51117 „СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВОТО И КРИМИНАЛИСТИКАТА“ – еден (1) извршител

5. НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ВО НАУЧНОТО ПОДРАЧЈЕ: 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ, НАУЧНО ПОЛЕ: 508. ПРАВНИ НАУКИ, 50804. НАУЧНА ОБЛАСТ: „КАЗНЕНО ПРАВО“ 50818 „ЧОВЕКОВИ ПРАВА И СЛОБОДИ“ 50815 „МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ИСТОРИЈА НА ДИПЛОМАТИЈА“ – еден (1) извршител

6. ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СЛЕДНИТЕ ОБЛАСТИ: 22601 МУНИЦИЈА И ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ и 51511 ВОЕНИ НАУКИ – еден (1) извршител.

II. Покрај општите услови утврдени со Законот за работни односи, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните услови:

1. Кандидатите за избор во наставно-научни звања на Воената академија треба:

- да имаат завршено трет циклус студии (докторат на науки ) во научната област за која се врши изборот;
- да ги исполнуваат општите услови пропишани со Законот за работни односи, условите наведени во член 164, 165 и 166, од Законот за високо образование, Законот за Воената академија, Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип и Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и

во соработнички звања на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“– Скопје.

2. Кандидатите за избор во соработничко звање на Воената академија треба :

- да имаат завршено втор циклус (магистер) во научната област за која се врши изборот;
- да ги исполнуваат општите услови пропишани со Законот за работни односи, условите општи и посебни од Законот за високо образование, Законот за Воената академија, Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип и Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и во соработнички звања на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“– Скопје;
- искуство од работа со Експлозивни материи што се докажува со објавени трудови од областа на Експлозивните материи;
- познавање на инструментите за испитување на хемиската стабилност на барутите (Течна хроматографија, Бергман-Јуинг методата) и
- кандидатот да е воено лице.

III. Кандидатите за избор во наставно-научно и соработничко звање треба да ги достават следните документи:

- пријава по конкурс;
- кратка биографија (печатена и електронска);
- диплома за завршено соодветно образование (еден примерок од дипломата оригинал или копија заверен кај нотар);
- странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оценките;
- список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите електронски во PDF) и
- уверение за државјанство.

Конкурсот трае 15 дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето.

Документите се доставуваат до деловодството на Воена академија, на адреса: ул.„Васко Карангелески“ бб Скопје.

Ненавремено доставени документи и непотполна документација нема да се разгледуваат.

Воената академија по извршениот избор во наставно - научно звање, нема обврска да склучува договор за вработување, доколку избраните лица не се во работен однос во Министерството за одбрана.

ВОЕНА АКАДЕМИЈА